# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на општина Новаци

## Број 15/14

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ

Излегува по потреба- 12.12-2014 година. Петок-Бр. 15, година XVIII
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@T-home.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**

За објавување **Одлука** за пристапување кон изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација (ЛУПД) за оформување на ГП1 за изградба на стопански комплекс со пратечки содржини на КП 221/1-дел, КО Добромири и КП 7-дел, КО Новаци Општина Новаци

1.Ја Објавувам **Одлука** за пристапување кон изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација (ЛУПД) за оформување на ГП1 за изградба на стопански комплекс со пратечки содржини на КП 221/1-дел, КО Добромири и КП 7-дел, КО Новаци Општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 09.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-977/1
11.12.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М„.бр.91/09 од 23.07.2009 година) и член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02,) а во согласност на член 15, 21 и 46 од Статутот на општина Новаци(Сл. Гласник на општина Новаци бр. 5/2002), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 09.12.2014 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

за пристапување кон изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација (ЛУПД) за оформување на ГП1 за изградба на стопански комплекс со пратечки содржини на КП 221/1-дел, КО Добромири и КП 7-дел, КО Новаци Општина Новаци

**Член 1**

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација (ЛУПД) за оформување на ГП1 за изградба на стопански комплекс со пратечки содржини на КП 221/1-дел, КО Добромири и КП 7-дел, КО Новаци Општина Новаци

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-960/4
09.12. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за утврдување на штета од обилни врнежи на ден 18 и 19.11.2014 година во с.Гнеотино

1.Ја Објавувам Одлука за утврдување на штета од обилни врнежи на ден 18 и 19.11.2014 година во с.Гнеотино, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 09.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-977/2<br>
11.12.2014год.

ОпштинаНоваци<br>
Градоначалник<br>
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр. 5/2002), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 09-12-2014 година, ја донесе следната

ОДЛУКА

за утврдување на штета од обилни врнежи на ден 18 и 19.11.2014 година во с.Гнеотино

Член 1

Комисија за проценка на штети од елементарни и други непогоди на општина Новаци да утврди постоење на штета, од обилните врнежи на ден 18 и 19.11.2014 година во с.Гнеотино , кај лицето Јонче Ѓорѓиевски во неговите ниви, има наноси од тампон од патот Гнеотино- Брод.

Член 2

Записникот од Комоисија за проценка на штети од елементарни и други непогоди на општина Новаци, да се достави до Советот на општина Новаци, за да одлучи по барањето на Јонче Ѓорѓиевски.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-960/5<br>
09.12. 2014 год.

Совет на општина Новаци<br>
Претседател<br>
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Зоран Илијовски с.Добромири

1.Ја Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Зоран Илијовски с.Добромири, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 09.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-977/3
11.12.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 ста1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 09.12.2014 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за доделување на еднократна парична помош
на Зоран Илијовски с.Добромири

Член 1

На лицето Зоран Илијовски с.Добромири, му се доделува еднократна парична помош во износ од **15.000,00** денари, за погребални трошоци за неговата мајка.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2014 година .

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Сретствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат на име Зоран Илијовски, наТрансакционасметка:500600000685302,ЕМБ:0609966410013,депонент Стопанска Банка а.д. Битола,.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.07-960/6
09.12. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

### ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за сопствено учество на Општина Новаци-кофинансирање за Регулација на речното корито на река Црна и нејзините притоки по течението на општините Демир Хисар, Битола, Новаци и Могила

1.Ја Објавувам Одлука за сопствено учество на Општина Новаци-кофинансирање за Регулација на речното корито на река Црна и нејзините притоки по течението на општините Демир Хисар, Битола, Новаци и Могила, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 09.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-977/4 — ОпштинаНоваци
11.12.2014год. — Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02) Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 09.12.2014 година ја донесе следната:

### ОДЛУКА
за сопствено учество на Општина Новаци-кофинансирање
за Регулација на речното корито на река Црна и нејзините притоки по течението на општините Демир Хисар, Битола, Новаци и Могила

#### Член 1

Со ова Одлука се регулира сопственото учество на Општина Новаци-кофинансирање за Регулација на речното корито на река Црна и нејзините притоки по течението на општините Демир Хисар, Битола, Новаци и Могила.

Сопственото учество-кофинансирањето ќе се однесува на Основен проект за линиска инфраструктурна градба-Регулација на водотек во с.Д.Агларци

Општина Новаци ќе учествува со сопствени средства до 20% од вредноста на проектот.

#### Член 2

Средствата од член 1 на ова Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

#### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-960/7 — Совет на општина Новаци
09.12. 2014 год. — Претседател
Мицевски Пецо

СОДРЖИНА Страна

1.Заклучок за објавување 1.**Одлука** за пристапување кон изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација (ЛУПД) за оформување на ГП1 за изградба на стопански комплекс со пратечки содржини на КП 221/1-дел, КО Добромири и КП 7-дел, КО Новаци Општина Новаци 1

2.Одлука за утврдување на штета од обилни врнежи на ден 18 и 19.11.2014 година во с.Гнеотино 2

3.Одлука за доделување на еднократна парична помош на Зоран Илијовски с.Добромири 3

4.Одлука за сопствено учество на Општина Новаци-кофинансирање за Регулација на речното корито на река Црна и нејзините притоки по течението на општините Демир Хисар, Битола, Новаци и Могила 4

**Издавач:**
Совет на општина Новаци:
**Редакција:**
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
**Печати**: Совет на општина Новаци
**Тираж:** 20 примероци